Влада на Република Северна Македонија
Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

НА

НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

ЗА

2023 година

Скопје, февруари 2024 година

СОДРЖИНА

1. ПОДДРЖУВАЧКА РАМКА 3

1.1 Координирачки структури 3

1.2 Законска и регулаторна рамка 5

1.3 Меѓународни договори посветени на борбата против трговија со луѓе и илегална миграција 6

1.4 Меѓународна соработка 7

2. ПРЕВЕНЦИЈА 14

2.1 Идентификување на причини за појава на трговија со луѓе и илегална миграција 14

2.2 Јакнење на капацитетите на стручните и надлежните служби. 17

2.3 Подигање на јавната свест и едукација 20

3. ПОДДРШКА И ЗАШТИТА НА ЖРТВИ И МИГРАНТИ 27

3.1 Механизми за идентификација и упатување на жртви 27

3.2 Идентификација, упатување и директна помош на жртви 28

3.3 Правна помош на жртви на трговија со луѓе и мигранти 30

4. ИСТРАГА И КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ 31

4.1 Предистражна постапка 31

4.1.1 Трговија со луѓе/дете 31

4.1.2 Акциски контроли во угостителски објекти 33

4.1.3 Криумчарење мигранти 34

4.2 Кривична постапка 37

5. БУЏЕТ 39

6. ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2024г. 40

1. ПОДДРЖУВАЧКА РАМКА

1.1 Координирачки структури

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција[1] (Комисијата) е тело кое ги обединува и координира сите засегнати страни во борба против трговијата со луѓе. Со Комисијата раководи Национален Координатор[2] а учествуваат и двајца заменици[3] од кои еден е задолжен за активностите од областа на трговијата со луѓе, а друг заменик за активностите поврзани со илегалната миграција, секретар и членовите на Комисијата.[4]

Во рамките на Комисијата од 2003г, функционираат работни тела: Секретаријат,[5] кој дава поддршка во реализација на одлуките на Комисијата и Подгрупа за борба против трговија со деца (Подгрупа) која ги следи специфичните потреби на децата жртви, штитејќи ги нивните интереси и права.[6]

Во текот на годината, Комисијата и нејзините тела одржуваа редовни контакти со членовие и соработниците на национално[7] и регионално ниво, на кои се дискутираа и предлагаа решенија и заложби за унапредување во областа на трговијата со луѓе и илегална миграција.

Националната Комисија, континуирано спроведуваше активности кои се предвидени во Национална стратегија и Националниот акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција и Национален акциски план за борба против трговија со деца за период 2021-2025г (НАП).[8]

Националната Единицата за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ) при Министерството за внатрешни работи (МВР) во 2023г, континуирано ја реализира својата основна задача- Откривање и гонење на сторителите на кривични дела на трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Во континуитет постапува согласно Стандардните оперативни процедури (СОП) за постапување со жртви на трговија со луѓе, при што за сите

---

[1] Одлука објавена во „Службен весник на РМ“ бр.18/2001, 82/2015, 18/2019 и 240/2020г.
[2] „Службен весник на РМ”, број 309/2020г.
[3] „Службен весник на РМ”, број 309/2020г.
[4] Членови на Комисијата, преставници на: МВР, МНР, МТСП, МП, МОН/БРО, МЗ, ОЈО за ГОКК, Основен кривичен суд Скопје, ДИТ и АВРСМ. Последни измени беа направени во 2022г. и објавени во Сл. весник 24 јуни бр. 144/2022.
[5] Членуваат претставници од: меѓународни организации, здруженија на граѓани и експерти од владините институции: МВР-НЕСКМТЛ, МТСП-НМУ, ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ, Амбасада на САД, ICMPD, OSCE, IOM, UNODC, UNHCR, GIZ, РЦ-MARRI, Програмска канцеларија на Совет на Европа, МЗМП, Здружението на граѓани против насилство и трговија со луѓе„Отворена Порта-Ла Страда“,Здружението на граѓани„За среќно детство“,Здружението на граѓани„Семпер“ и Црвен крст на РСМ.
[6] Претседава раководителка на секторот за еднакви можности при МТСП-НМУ, членови се: МВР-НЕСКЕКМ, БРО, Програмска канцеларија на Совет на Европа, ICMPD, UNODC, OSCE, IOM, ГИЗ, УНИЦЕФ, Здруженија „Отворена Порта-Ла Страда“, „За среќно детство“, СОС Детско село и заменик Народен правобранител како надворешен член/набљудувач.
[7] Одржани се три состаноци во текот на минатата година на 05 април, 30 јуни и 06 октомври 2023г.
[8] Стратегијата и НАП се усвоени на 66-тата седница на Владата на РСМ одржана на 20 април 2021г.

идентификувани жртви на трговија со луѓе (ЖТЛ) го известува Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ), врши проценки за безбедносен ризик на жртвите и ги упатува во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе (Центарот/ЦЛЖТЛ).

Полициските службеници од НЕСКМТЛ, се дел од Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија (Task Force), кои учествуваат во размена на информации преку веќе воспоставени канали како што се Европол, Интерпол, Селек, Фронтекс, офицери за врски и сродните единици од МВР во земјите од регионот како и активно партиципира во Работна група на Западен Балкан за криумчарење мигранти (Western Balkan Task Force) во врска со откривање на меѓународни организирани криминални групи.

Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Секторот за еднакви можности, е координатор на НМУ, и во 2023г, продолжи со соработка со Комисијата и координација со членовите на Подгрупата, Центрите за социјална работа (ЦСР), Државниот трудов инспекторат (ДИТ), Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за сузбивање на кривични дела поврзани со криумчарење мигранти и трговија со луѓе (ОЈО ГОКК) и МВР/НЕСКМТЛ, Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и релевантни здруженијата на граѓани (ЗГ). НМУ ги следи и координира активностите (во 30 градови во РСМ) во ЦСР кои имаат исклучително важна улога во целиот процес од идентификација до ресоцијализација и реинтеграција на жртви и децата жртви на трговија со луѓе. Претседавач на Подгрупата е претставник од МТСП кој во текот на 2023г. го координираше процесот на подготовка на Извештајот за спроведување на Оперативниот план за борба против трговија со деца за период 2021-2022г кој е доставен и усвоен од страна на Националната комисија како и беше направено ревидирање на членството во Подгрупата.

Оперативниот тим за координација, следење и управување со случаи на трговија со луѓе, формална идентификација на жртвите и нивен статус (Оперативен тим)[9] во текот на 2023г продолжи со својата работа и одржа 5 координативни состаноци со цел разгледување на тековните претпоставени случаи на трговија со луѓе/деца и донесе (14 формални одлуки за статусот на жртвите).

Во ноември и декември 2023г, со поддршка на ИОМ, донирана е специјализирана опрема за јакнење на оперативните капацитети на членовите на Националната единица во спроведување на активности за сузбивање на трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти.

Комисијата е во континуирана координација и со **Националниот известувач за борба против трговија со луѓе и илегална миграција,**[10] при што се

[9] Формиран 2022г. со одлука на Националната комисија

[10] Од 01.12.2019г избрано е лице од Народниот правобранител на РСМ за Национален известувач.

разменуваат потребни информации за спроведените активности и податоци кои се потребни за подготовка на извештајот од страна на Националниот известувач на РСМ.

1.2 Законска и регулаторна рамка

Во 2023г на иницијатива на Националната Комисија по трет пат беа изготвени **Стандардни оперативни процедури (СОП)** за постапување со жртви на трговија со луѓе кои беа разгледани и усвоени од страна на Владата на РСМ.[11] СОП уредуваат постапки, процедури и начини на обезбедување помош и заштита на сите жртви на трговија со луѓе (без разлика дали се домашни или странски државјани/ки со легален или илегален влез во државата), преку сеопфатен приод заснован на човекови права и насочен кон жртвата во форма на институционализирани рамки на соработка. Изработката на новиот СОП беше поддржана[12] од страна на ГИЗ во рамки на Регионален проект за спречување и борба против трговија со луѓе во Западен Балкан (ПаКТ). Во ревидирањето активно учествуваа сите членови на Комисијата, Секретаријатот и Подгрупата за борба против трговија со деца. Клучни промени кои беа забележани во СОП беа направени во промената на терминот „потенцијална жртва“ во „претпоставена жртва,“ ревидирарање на обрасците по кои се постапува, внесување на формираниот Оперативен тим за формална идентификација на жртвите на трговија со луѓе и неговата улога. Се обрна особено внимание на координацијата помеѓу институциите и нивното навремено и соодветно постапување во идентификацијата на жртвите, споделувањето на информациите, пружање на соодветна помош и поддршка на жртвите како и обезбедување на клучните докази за санкционирање на сторителите.

На иницијатива на Комисијата, а со поддршка на Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје, беше изработен **Меморандум за соработка помеѓу МВР и ДИТ,**[13] кој беше потпишан на 16ти март 2023г. Целта на овој Меморандум е подобрување на меѓусебната соработка помеѓу страните потписници во насока на спречување, навремено откривање и сузбивање на кривичните дела поврзани со трговија со луѓе и трудова експлоатација и упатување на претпоставени жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација до надлежните институции.[14]

Врз основа на Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга за привремен престој и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за привремен престој[15] во

[11] На 31 октомври 2023г. на 196 тата седница на Владата на РСМ.
[12]Ангажман на експерти, одржување за работилниците за членовите на Комисијата, јазична редакција на македонски јазик, превод на албански и англиски јазик, и графички дизајн.
[13]Меморандумот е изработен од страна на МЗМП со поддршка на проектот на Хоризонталниот инструмент II, на СЕ и Европската Унија, во координација со надлежните служби од двете институции.
[14] https://mvr.gov.mk/vest/25394
[15] Сл. весник на РСМ, бр. 91/21

согласност со Законот за социјална заштита кој се однесува на Центар за жртви на трговија со луѓе[16] донесена е **Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка и за привремен престој за 2023г**, во која е предвидено и цена на чинење на услуга за привремен престој во Центар за жртви на трговија со луѓе согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги.[17]

МТСП со поддршка на Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје изработи **Оперативен план за борба против трговија со деца 2023-2025г** во согласност со Националниот акциски план 2021-2025г.

Во насока на регулирање на процедурите за постапување со странците, во 2023г УНХЦР обезбеди поддршка за изготвување на **СОП за постапување со лица кои патуваат во мешани миграциски движења** и **СОП за сместување на странци, баратели на азил и мигранти во прифатен центар за странци**. Овие два документи се очекува да бидат усвоени во текот на 2024г.

Во соработка со Основниот суд во Гевгелија, УНХЦР ќе поддржи изработка на **СОП за постапување со лица кои патуваат во мешани движења во правосудните постапки**.

Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ потпиша Меморандум за соработка[18] со Филозофскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, преку кој има цел да воспостави програми за соработка за научна и професионална обука, фокусирајќи се на унапредување на вештините на учениците за спречување насилство и трговија со луѓе.

1.3 Меѓународни договори посветени на борбата против трговија со луѓе и илегална миграција

Во насока на унапредување на меѓународната соработка на 12.12.2023г. во Рим,[19] РСМ со свој претставник од МВР, беше дел и еден од потписниците на **Декларацијата за воспоставување механизам за брз одговор на Работната група за Западен Балкан** (Task Force Western Balkan), која претставува модел на соработка меѓу странските сили во заеднички активности со цел сојузништво и поддршка за ефикасно партнерство, со цел да се реализираат целите и обврските поврзани со борбата против криумчарењето мигранти.

---

[16] https://www.mtsp.gov.mk/pravilnici.nspx

[17] Сл. весник на РСМ бр.264/19

[18]Клучните компоненти вклучуваат заеднички проекти, анализи и проценки во социјалните услуги; обука на персоналот за здружување и државни служби во социјалната заштита; и практична настава за студенти, особено во рамките на Институтот за социјална работа и социјална политика.

[19]Организирана од Централната управа на криминалистичката полиција на МВР на Италија и Криминалистичко-разузнавачката служба на Сојузното МВР на Австрија, со поддршка на проектот ИПА III - Поддршка на ЕУ во зајакнувањето на борбата против криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе на Западен Балкан.

Работната група за Западен Балкан „Западен Балкан TASK FORCE“ беше формирана на Министерската конференција посветена на решавање на предизвиците поврзани со миграцијата во регионот, што се одржа на 7 јуни 2018г во Сараево. Таа се занимава со прашањата за актуелната состојба на Западен Балкан на полето на илегалната миграција, во однос на размената на разузнавачки податоци во реално време со инволвираните партнери (земји членки на ЕУ, како и трети земји) спроведување на заеднички истраги и заеднички акции, како и примена на принципот на офицери за посета. Состаноците на Работната група се одржуваат континуирано, а од 2018г ја води Р.Австрија. Како независна оперативна акција е дел од Оперативниот акционен план на ЕМРАСТ, „Криумчарење на мигранти.“

1.4 Меѓународна соработка

- ***Мониторинг и евалуација на спроведувањето на Конвенцијата на Советот на Европа***

Во 2022г, се спроведе третиот евалуациски круг за РСМ, согласно член 38(4) од Конвенцијата на Советот на Европа за преземање акција против трговија со луѓе, од страна на тимот на **Експертската група за преземање акција против трговија со луѓе (ГРЕТА)**. Посетата беше од исклучително значење за РСМ бидејќи по остварената посета беше изготвен третиот Извештај за спроведување на Конвенцијата кој беше **објавен 24 март 2023г.** [20]

Во тековната година, Комисијата на состанок одржан на 05 април 2023г го разгледа извештајот на **Експертската група за преземање акција против трговија со луѓе (ГРЕТА)**, од каде согласно заклучоците и препораките, со поддршка и координација на Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје, беше формирана работна група за изготвување на Акциски план за имплементација на препораките на ГРЕТА 2023-2025г. Работната група го изготви Акцискиот план на 5 ноември 2023г, и истиот го достави до Комисијата, со што истиот континуирано ќе се ажурира на секои шест месеци од страна на Работната група.

- ***Мрежа на Координатори за борба против трговијата со луѓе***

На 06-08 февруари 2023г[21], Национална координаторка заедно со делегација од МВР и обвинители од ОЈОзаГОКК, со поддршка на Меѓународната организација за миграција ИОМ[22], присуствуваа на регионална конференција: „Сузбивање на трговијата со луѓе и криумчарење на мигранти во регионот на Западен Балкан“ во Будва, Црна Гора. На маргините на

[20] http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/III-GRETA-report-for-North-Macedonia_MKD.pdf
[21] https://mvr.gov.mk/vest/24750
[22]Во рамки на регионален проект „Заеднички активности на земјите од регионот на Западен Балкан против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе (WBJAST), финансиран од МНР на Данска.“

конференцијата се одржа и годишен регионален состанок на Националните координатори и претставниците на Ударните групи за сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе.

На 31 мај 2023 во Скопје се одржа 8ми состанок на Управната група[23] од проектот PaCT на мрежата на Координатори за превенција и борба против трговија со луѓе на МАРРИ. Состанокот беше организиран во 3 главни сесии и на истиот учествуваа Националните Координатори или претставници од нивните канцеларии.

Истиот ден Националните координатори за борба против трговија со луѓе на Југоисточна Европа (ЈИЕ) и нивни претставници го одржаа својот 17ти состанок. Состанокот беше координиран од ICMPD, во улога на Секретаријат на NATC SEE[24], и Министерството за внатрешни работи на Словенија. *Сите членки на NATC-SEE ја изразија својата поддршка за предложените амандмани на Директивата на ЕУ за борба против трговија со луѓе и укажаа на нивната подготвеност да ги усвојат овие промени во нивното национално законодавство доколку бидат одобрени.* Координаторите се согласија дека во текот на 2024г. ќе работат на нов Стратешки документ, користејќи ја претходно користената методологија и вклучувајќи сеопфатни консултации со сите членки на мрежата.

Од 6-7 јуни 2023г. во Стразбур, Франција, заменик Националната координаторка, учествуваше на состанок на националните координатори и контакт-точки за борба против трговија со луѓе. Настанот беше организиран од Советот на Европа во Стразбур и Канцеларијата на специјалниот претставник и координатор за акција против трговија со луѓе на ОБСЕ.

Од 26-28 април 2023г во Скопје, заменик Националната координаторка присуствуваше и имаше обраќање на Регионална работилница[25] за размена на искуства од Западен Балкан, организирана од страна на МЗМП со поддршка на МАРРИ и ГИЗ. На работилницата беше дискутирано за ризиците од појава на трудова експлоатација, предизвиците во процесот на идентификација на жртви на трговија со луѓе, добрите практики за поефикасна идентификација на жртви на трговија со луѓе. На Работилницата донесени се заклучоци и препораки за подобрување на постоечката законска рамка.

---

[23]Која делува како Управна Група на регионалниот проект за Превенција и борба против трговија со луѓе во Западен Балкан.

[24]Повеќе информации за активностите на Мрежата можете да најдете овде: *Network of Anti-Trafficking Coordinators of South-East Europe (NATC SEE) - ICMPD.*

[25]Настанот е поддржан од Регионалниот проект за спречување и борба против трговијата со луѓе (PaCT) по налог на Германското сојузно министерство за економска соработка и развој (БМЗ) имплементиран од Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) во партнерство со Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци (МАРРИ). На работилницата учествуваа 14 (претставници на Македонското здружение на млади правници (МЗМП), Канцелариите на координаторите за борба против трговија со луѓе и државните трудови инспекторати од Западен Балкан, ИОМ, Совет на Европа во РСМ, Здружението „Отворена порта/Ла Страда“, Државен трудов инспекторат).

❖ *Меѓународни соработка на НЕСКМТЛ*

Во однос на меѓународната соработка од областа на трговија со луѓе се вршеше размена на информации преку ИНТЕРПОЛ, а со цел идентификување на меѓународна криминална група, документирање на криминалните активности и обезбедување на материјални докази против сторителите на кривичните дела „Трговија со дете“ по чл.418-г и кривично дело по чл.193-а „Производство и дистрибуција на детска порнографија“ од КЗ на РСМ, во содејство со хрватските и босанските полициски служби.

Во рамки на ЕМПАКТ платформата на EUROPOL, од страна на Австрија како координатор држава во периодот од 08.05 до 14.05.2023 година се спроведоа заеднички акциски денови против трговија со луѓе, сексуална и трудова експлоатација под името оперативна акција „CHAIN“ во која учество зема и Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе. За време на спроведување на акциските денови од страна на НЕСКМТЛ во содејство со јавниот обвинител од ОЈО за ГОКК беа лишени 11 (единаесет лица) и распишана 1 меѓународна потерница за основано сомнение за сторено кривично дело „трговија со дете“.

Исто така НЕСКМТЛ учествуваше и во оперативните акции : 8.6-Трговија со луѓе од Западен Балкан, како и во опреративната акциј 6.1- Сексуално искористување деца на интернет, односно 8.4 -оперативна соработка со Западен Балкан.

❖ *Останати меѓународни активности*

Од 18-19 јануари 2023, Тирана, Албанија, Канцеларија на Обединети Нации за дрога и криминал (УНОДЦ) организираше регионален експертска конференција (РЕК): Зајакнување на идентификацијата и заштитата на жртвите, со посебен фокус на присилно извршување на кривични дела, преку тренинг курикулуми во ЈИЕ, на која учествуваа 3 ж лица.

УНОДЦ во соработка со МВР на Република Србија и Националната комисија на РСМ организираше три заеднички мултидисциплинарни обуки[26] (симулации на истраги) за истрага и кривично гонење на криумчарење мигранти, на која учествуваа вкупно 20 преставници од РСМ (14м/6ж) .

Од 27 февруари до 3 март 2023г, во организација на ИЦМПД во рамките на проектот “Понатамошно зајакнување на мрежата на меѓународните координативни единици за спроведување на законот (ILECUs) во ЈИЕ и во земјите од источно партнерство,”[27] беше организирана и студиска посета на

[26] 24 до 26 јануари 2023г, во Ниш, Србија; 21-23 февруари, Мавровo, РСМ; 14-16 март 2023, Вршац, Србија.

[27] Проектот започна со имплементација во 2022г со цел да се зајакне мрежата на ILECU во земјите од ЈИЕ и земјите со фокус на Украина, Молдавија, Грузија, РСМ и Србија, како и да се поддржат засегнатите страни во спроведувањето заеднички активности за спроведување на законот во соседните земји.

РСМ, на која учествуваа 15 преставници од земјите на ЈИЕ и источното партнерство.[28]

Од 6 до 8 февруари 2023г, во Будва, Црна Гора во организација на ИОМ се одржа дводневна регионална конференција на тема „Сузбивање на трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти во регионот на Западен Балкан, на која учествуваа 6ж и 1м.[29] Во рамки на конференцијата се одржа и еднодневна координативна средба на претставниците од Ударните групи за сузбивање на криумчарењето на мигранти и трговијата со луѓе заедно со Националните Координатори.

Во Скопје, на 16 март 2023г во организација на Програмската канцеларија на Совет на Европа се одржа регионална работилница на тема „Спречување на трговијата со деца: Улогата на кадрите од образование.“ На работилницата учествуваа делегации од образование од Приштина и РСМ, на која учество земаа вкупно 20 претставници (4м и 16ж).[30]

На 27 март 2023г. Меѓународната организација за миграции (ИОМ) поддржа работен состанок помеѓу делегацијата на РСМ и Србија во Белград за размена на искуства и информации во областа на управување со миграции.

Во Букурешт, Романија од 28-30 март 2023г во организација на УНОДЦ се одржа Регионална експертска конференција (РЕК): „Адресирање на ризиците, заканите и формите на трговија со луѓе предизвикани од конфликтот во Украина,“на која учествуваа 2 претставници (1м и 1ж).

Од 29-31 март 2023г во Драч, Албанија, делегација од МВР учествуваше на Регионален дијалог на практичари/состанок за криумчарење мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан, на кој учествуваа практичарите и високите претставници од власти од шесте МАРРИ учеснички, како и претставници од релевантните ЕУ и меѓународни организации.[31]

Од 4-6 април 2023г, во Скопје, во организација на УНОДЦ се одржа Регионална конференција[32] „Зајакнување на кривично-правниот одговор за соодветно адресирање на предизвиците при собирање на докази во процесот на истражување на случаи на трговија со луѓе во ЈИЕ“ на која учествуваа вкупно тројца претставници од РСМ (1м и 2ж).

---

[28] Во рамките на студиската посета, беа организирани посети на Одделот за меѓународна полициска соработка при МВР, НЕСКМТЛ, Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика, Единицата за азил и Одделението за странци и реадмисија и на Полициската академија. Групата го посети и Контакт центарот на граничната полиција, ГП Табановце, аеродромот во Скопје и РЦ МАРРИ.

[29] Претставници од МВР и ОЈОзаГОКК учествуваа 7 учесници (1м/6ж).

[30] Работилницата беше спроведена во рамки на проектот на ЕУ и СЕ Хоризонтален инструмент 3 „Јакнење на активностите против трговија со луѓе во кој учествуваа „Судии, Јавни обвинители, Полиција, Социјални работници и Здруженија на граѓани.

[31](ИОМ, ИНТЕРПОЛ, ЕВРОПОЛ, ФРОНТЕКС, ГИЗ, ICMPD, ОБСЕ, Советот на Европа и ГРЕТА, како и претставници од италијанското МВР и шпанскиот Универзитет Небрија).

[32]Регионалната конференција ги обедини практичарите од Албанија, Австрија, БиХ, Бугарија, Хрватска, Унгарија, Молдавија, Црна Гора, РСМ, Романија, Србија и Словенија надлежни за истрага и гонење на трговија со луѓе и организиран криминал.

На 18 април 2023г, претставник на Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ учествуваше на сесија за валидација за нацрт Профилот на родова еднаквост за РСМ (Country Gender Equality Profile), клучен документ кој се подготвува во рамки на проектот „Gender Equality Facility“, и ги презентира релевантните податоци за трговија со жени и девојки.[33]

На покана од Специјалниот претставник и координатор на ОБСЕ за борба против трговија со луѓе,[34] на 18 и 19 април 2023г[35], Националната Координаторка учествуваше на 23 Конференција на Алијансата против трговија со луѓе „За луѓе се работи: национално лидерство за ставање на крај на трговијата со луѓе, во Виена, Р.Австрија. На конференцијата видео обраќање имаше претседавачот на ОБСЕ за 2023г, министерот за надворешни работи на РСМ, Бујар Османи,[36] кој ги истакна приоритетните обележја на ОБСЕ како и системскиот пристап во борбата против трговијата со луѓе и посветеноста да се стави крај на модерното ропство.

Од 27-28 април 2023г,[37] во Дубровник, Хрватска во организација на УНОДЦ се одржа Регионална експертска конференција (РЕК): „Зајкнување на одговорот на трговија со луѓе со цел сексуална експлоатација, посебно на жени и деца преку адресирање на побарувачката во ЈИЕ“ на која учество зема Националната координаторка од РСМ.

На 11 мај 2023г[38] во Скопје, Националната комисија беше домаќин на Конференција на тема „Должното внимание за човековите права: Преземање мерки против трговијата со луѓе и трудовата експлоатација во синџирите на снабдување“. Конференцијата се одржа со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Канцеларијата на Специјалниот претставник и координатор за борба против трговија со луѓе на ОБСЕ.

Во Скопје на 30 мај 2023 се одржа Регионална завршна конференција на Регионалниот проект за спречување и борба против трговија со луѓе во Западен Балкан (ПаКТ) „Успешни заедно! Регионални согледувања и пристапи за превенција и борба против трговијата со луѓе.“[39] На

---

[33]На сесијата беа презентирани клучните наоди од профилот, поделени во четири области и тоа: Владеење и учество во јавниот живот, Економско учество и образование, Родово базирано насилство и благосостојба на жените и жени, мир и безбедност и намалување на ризици од катастрофи. Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ сподели релевантни податоци поврзани со трговијата со жени, како и ставови и предлози. Канцеларијата на UN Women во Скопје го организираше настанот.

[34] https://www.osce.org/cthb/541569

[35] https://mvr.gov.mk/vest/25940

[36]https://mfa.gov.mk/mk/page/13/post/3376/osmani-povika-na-liderstvo-vo-regionot-na-obse-vo-borbata-protiv-trgovijata-so-lugje

[37] https://mvr.gov.mk/vest/26074

[38] https://mvr.gov.mk/vest/26338

Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ одржа презентација на панелот посветен на Мониторинг и спроведување на должното внимание на човековите права: Предизвици во пристапот до правни лекови.

[39]Конференцијата ја отвори Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, Министерката за труд и социјални работи Јованка Тренчевска, заменик амбасадорот на Сојузна Република Германија во РСМ Ото Граф, директорот на ГИЗ во РСМ, Дејвид Оберхубер и директорот на МАРРИ РЦ Сашко Коцев. Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ учествуваше како панелист на Регионалната конференција.

конференцијата учествуваа повеќе од 100 учесници од целиот регион на Западен Балкан. Како дел од Конференцијата беше организирана размена на партнери на која сите проектни партнери (8 Здруженија на граѓани, МАРРИ и ICMPD) имаа можност да ги претстават своите подготвени промотивни материјали посветени на превенција и борба против трговијата со луѓе, повеќето од нив развиени во рамките на проектот ПаКТ.

На 15 јуни 2023г, со подршка на ИОМ беше организиран работен состанок помеѓу РСМ и Р.Србија за зајакнување на соработката во областа на борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти согласно договорите[40] за соработка потпишани помеѓу двете држави.

Во Стразбур, Франција на 16 јуни 2023г, беше одржан 32-от Состанок на Комитетот на потписнички на Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе. На овој настан учествуваше Заменик Националната координаторка, како контакт точка за ГРЕТА од РСМ.

Од 20-22 јуни 2023г во Подгорица, Р.Црна Гора во организација на УНОДЦ се одржа Регионална експертска конференција[41] (РЕК) „Осврт на информатички технологии во контекст на трговија со луѓе со цел сексуална експлоатација вклучувајќи деца во ЈИЕ“ на која учествуваа 3ж лица од РСМ.

Националната координаторка од 21-22 јуни 2023г[42] учествуваше на 80тиот состанок на Управувачката група на Меѓународниот центар за развој на политики за миграции (ИЦМПД) кој се совпадна со 30-годишнината од формирањето на организацијата. На маргините на конференцијата се одржа билатерална средба помеѓу со Генералниот директор на ИЦМПД г.Михаел Шпинделегер и Националната координаторка.

На 06 септември 2023г. во Сараево, во организација на Програмската канцеларија на Совет на Европа, се одржа регионална работилница на тема Спречување и борба против трговијата со деца за питачење. На работилницата учествуваа делегации од БиХ и РСМ вкупно 16 (2м и 14ж),[43] а истата беше спроведена во рамки на проектот.[44]

Од 18 - 19 септември 2023г во Букурешт, Романија се одржа годишен состанок на НВО Платформа / Генерално собрание на мрежата „Ла Страда“ против трговијата со луѓе, На кој беа присутни 35 членови меѓу кои и Здружението „Отворена порта/Ла Страда.“

Во период од 18-21 септември 2023г[45] Национална координаторка, заедно со Националните координатори од БиХ и Србија учествуваа во панел дискусија

[40]Договор за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе и Договор за соработка во областа на борбата против криумчарењето на мигранти, потпишани 16.12.2019г во Скопје, помеѓу РСМ и Р.Србија
[41]Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ учествуваше на состанокот на кој го претстави последното истражување за онлајн експлоатација и трговија со деца, главните резултати и препораки.
[42] https://mvr.gov.mk/vest/26895
[43]Судии, Јавни обвинители, полиција, социјални работници и здруженииja на граѓани
[44]Проект на ЕУ и СЕ Хоризонтален инструмент 3 „Јакнење на активностите против трговија со луѓе„
[45] https://mvr.gov.mk/vest/28197

на тема Трговија со луѓе и (не) безбедност, на 27мата меѓународна научна конференција посветена на Националните малцинства, миграцијата и безбедноста Бриони–Хрватска. Своето обраќање Националната координаторка го посвети на жртвите на трговија со луѓе на тема „Дали жртвите се невидливи или ние сме слепи?“

Од 19 - 22 септември 2023 на Јахорина, БиХ во организација на УНОДЦ се одржа Регионална обука[46] „Системска анализа и разбивање организирани криминални мрежи на трговија со дрога, криумчарење на мигранти и трговија со луѓе“ на која учество земаа од РСМ 3м лица МВР и ОЈО.

Во Драч, Албанија на 28-30 септември 2023г се одржа Регионалната конференција за достоинствена работа во регионот на Западен Балкан во организација на Институтот за социјална политика „Musine Kokalari“ и Центарот за еманципација политики. На конференцијата учествуваше Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ која беше една од 20[те] организации кои го потпишаа Манифестот[47] за достоинствена работа за регионот на Западен Балкан.

Од 10–11 октомври 2023г, Национална координаторка учествуваше на 8[ма] годишна Конференција за миграции во Виена (Vienna Migration Conference) во организација на Меѓународниот центар за развој на миграциските политики – ИЦМПД. На маргините на Конференцијата Националната координаторка оствари билатерална средба со генералниот директор на ИЦМПД, г.Михаел Шпенделегер, кој го изрази своето задоволство од активната улога на РСМ во Управувачкиот комитет на ИЦМПД, особено за развивање проектот на ИЦМПД Ре-Пакт „Трклезна маса за зајакнување на управувањето со миграциите во Западен Балкан во тандем со реформата за азил и миграција на ЕУ.“

На 16 и 17 ноември 2023г, со поддршка на ИОМ, во Сараево, БиХ се одржа Регионална тркалезна маса на тема „Зајакнување на одговорот на кривично правниот систем во однос на трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти во услови на мешовити миграциски движења“.[48] Дел од заклучоците вклучуваат: иницирање на законски измени за регулирање на преводот од далечина, воспоставување на регистар на овластени преведувачи, усвојување на заедничка дефиниција за жртва во процесните закони, и приоретизирање на интензивни и континуирани обуки за дигитални истраги за надлежните органи како и јакнење на свесноста за трендовите во однос на современите технологии.

[46]Експерти и практичари од БиХ, РСМ, Црна Гора, Србија и Албанија ги идентификуваат недостатоците во постапувањето и се стекнаа со нови знаења и вештини за нивно соодветно адресирање.
[47]Манифестот можете да го прочитате на следниот линк: https://decentworkbalkans.com/
[48]На тркалезната маса учествуваа претставници од МВР, Канцеларијата на Народниот правобранител и од Основниот суд Скопје 1, Скопје , (4 женски лица).

Во Брисел, Белгија, на 23 ноември 2023г во организација на ИЦМПД двајца претставници од ИЦМПД на РСМ и на завршната конференција на проектот, каде беа сумирани достигнувањатата и резултатите од ILECUs проектот "Понатамошно зајакнување на мрежата на меѓународните координативни единици за спроведување на законот (ILECUs) во ЈИЕ и во земјите од источно партнерство."

Од 5-6 декември 2023г во Скопје во организација на УНОДЦ во соработка со Националната комисија и Министерството за Европа и надворешни работи на Франција се одржа Регионална експертска конференција[49] (РЕК) „Адресирање на трговијата со деца во ЈИЕ," на која учествуваа 5м и 16ж.

Национална координаторка на покана и организација на ИЦМПД во период од 07-08 декември 2023г, учествуваше на Европскиот форум за трговија со луѓе против принудна работа и принудно питачење во Стокхолм, Шведска.

Здружението „Отворена порта/Ла Страда" во 2023 продолжи со активен придонес во работата на тематските мрежи заедно со други граѓански организации. Активно продолжи да учествува во европска Ла Страда Интернационална/Платформа против трговија со луѓе. Во текот на 2023г здружението даде свој придонес во управниот одбор на мрежата Clean Clothes Campaign, учествувајќи еднаш месечно на сите координативни средби организирани како дел од оваа мрежа.

2. ПРЕВЕНЦИЈА

2.1 Идентификување на причини за појава на трговија со луѓе и илегална миграција

- Во ноември 2023г **Подгрупата за борба против трговија со деца,** со поддршка на Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје, изработи Извештај за спроведените активности за 2021 – 2022г. Извештајот вклучува анализа на состојбата и статистички податоци, ризик фактори, трендови и феноменологија на трговија со деца, заклучоци и препораки.
- **ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ** активно се вклучи во спроведување на превентивните активности и во таа насока се изработени едукативни материјали во форма на Триплет на македонски и албански јазик, испечатени во 300 примероци, и поставени на веб страната на Институтот[50].
- Со поддршка на **Програмската Канцеларија на Советот на Европа** во Скопје,[51] беа изработени повеќе материјали во насока на подобрување на

[49]Здружението „Отворена порта/Ла Страда" зема учество како панелист, при што ги презентираше искуствата во врска со трговијата со деца во Југоисточна Европа.
[50] https://www.iph.mk/mk/news/index/1194
[51]Во рамки на Проект на ЕУ и Совет на Европа Хоризонтален инструмент 3 „Јакнење на активностите против трговија со луѓе„

превенцијата, идентификацијата и поддршката во борбата против трговијата со луѓе:
- Физибилити студија за Центарот за лица жртви на трговија со луѓе,
- Прирачник за трговија со деца за згрижувачки семејства,
- Трговијата со луѓе и информативно компјутерските технологии,
- Прилог кон годишниот извештај на Националниот известувач,
- Извештај на Подгрупата за борба против трговија со деца,
- Информативен материјал за надомест на штета од државата.

➢ Здружението **„За среќно детство“** учествуваше во изработка на повеќе документи од областа:
- Прирачник - Наменет за обучувачи од СОС детско село за обука на згрижувачи на деца жртви на трговија со луѓе,[52]
- Едитор на Прирачник за професионалци во образование за спречување на трговијата со луѓе, за да се обезбеди усогласување на прирачникот со Конвенцијата на Совет на Европа, [53] и
- Септември 2023г започна со „Истражување на трговијата со деца за: трудова експлоатација, детски бракови, питачење“ кое се очекува да биде финализирано мај 2024г.[54]

➢ ИЦМПД, во рамките на регионалниот проект ***„Развивање на пристапи за подобрување на функционалноста на националните механизми за упатување (НМУ) кај учесниците во МАРРИ,“*** изготви **практични пристапи** со цел да се подобри функционалноста на националните механизми за упатување за жртви на трговија со луѓе.[55] Пристапите беа презентирани во Скопје, на 31 мај 2023г за време на завршната конференција на проектот.[56] Пристапите содржат методи, инструкции, алатки и добри практики за:
- 1-пристап - Вклучување на преживеаните лица на трговија со луѓе како советници во процесот на развој на политики и во оперативниот одговор; [57]
- 2-пристап - Подобрување на каналите за комуникација и координација меѓу релевантните чинители во НМУ; [58] и
- 3-пристап - Развивање критериуми за реафирмирање на учеството на граѓанските организации во рамките на НМУ во регионот на МАРРИ.[59]

---

[52]Поддржан од Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје.
[53] Прирачникот **е** изготвен од Бирото за образование од Косово, подржано од Канцеларијата на Советот на Европа во Приштина.
[54]Во рамки на Проектот „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во РСМ” и се имплементира во рамки на заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален Инструмент за Западен Балкан и Турција“
[55]Во Албанија, БиХ, Косово*, Црна Гора, РСМ и Србија.
[56]“*Prevention and combating of human trafficking in the Western Balkan*” (PaCT), имплементиран од МАРРИ и финансиран од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ).
[57] EN MK AL BS/MN/SR
[58] EN MK AL BS/MN/SR
[59] EN MK AL BS/MN/SR

Националната комисија на регионалните состаноци одлучи да го поддржи првиот пристап, од каде со поддршка на ГИЗ,[60] беше изготвен патоказ за „Учество на преживеаните од трговија со луѓе како советници во стратешкиот одговор против трговијата со луѓе во учесниците на МАРРИ – насоки за РСМ.“ Согласно Патоказот, Националната комисија на состанокот одржан на 30.06.2023г донесе **Одлука за формирање на група за застапување на преживеани жртви од трговија со луѓе.** Во наредниот период, Комисијата ќе ја формализира работата на телото, со определување на критериуми за селекција на здружение на граѓани кое ќе раководи со групата, критериуми за селекција на преживеани, изработка на деловник и програма за работа, како и начини на финансирање на истата и слично.

- Од страна на МАРРИ беше изработено истражување[61] „Трендови на трговија со луѓе во Западен Балкан“ (2018-2022).[62] Референтниот период за ова истражување е 2018 - 2022г. Од сите шест учесници на МАРРИ беа побарани податоци за трговија со луѓе врз основа на претходно подготвен образец.

- Во текот на 2023г Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ ги изготви и издаде следните анализи, прирачници и истражувања:
  - Извештај во сенка на поглавјата 19, 23 и 24 во однос на трговијата со жени и девојки и останати поврзани прашања за 2022г.[63]
  - Политика за супервизија, документ за интерна употреба кој е изработен во насока на професионално унапредување и превенција од согорување на вработените во прифатилиштето. Дополнително се изработи и Правилник за стручна супервизија на вработените со кој се уредува начинот на организирање и вршење на професионална супервизија на вработените кои работат во здружението.
  - Упатство за постапување со трауматизирани деца жртви на трговија сместени во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе.[64]
  - Информативни летоци со QR-кодови, кои овозможуваат пристап до информации за правата на жртвите на трговијата со луѓе.
  - 200 парчиња ранци и шишиња со испечатена СОС линијата 080011111 против трговијата со луѓе.

- **Македонското здружение за млади правници (МЗМП)** во рамки на проект поддржан од ГИЗ[65] изработи документ за јавни политики под наслов

[60] Во рамки на Тематски пакет НМУ во рамки на регионалниот проект ПаКТ.
[61] Податоците дадени во ова истражување беа собрани од МВР како и МАРРИ Мрежата на Координатори за превенција и борба против трговија со луѓе обезбеди хармонизиран пристап за собирање податоци.
[62] https://drive.google.com/file/d/1oMyKu2g5aRBJqJlwb3J9dBCpnfF0FYyi/view
[63] Овој извештај ги прикажува состојбите по однос на трговијата со жени и девојки за 2022г и подготвеноста во однос на исполнување на правата и обврските што треба да се преземат со членството во ЕУ во однос на поглавјата 19, 23 и 24. Извештајот е подготвен врз основа на индикаторите за мониторинг и евалуација содржани во прирачникот што се релевантни за известување за состојбите под Поглавјата 19, 23 и 24.
[64] Ова упатство е за интерна употреба наменето за стручните лица, и со цел промовирање на менталното здравје и обезбедување на психосоцијална грижа и постапување со силно трауматизирани деца-жртви сместени во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе.
[65] Тематски пакет Подигнување на јавната свест во рамки на регионалниот проект ПаКТ.

„Идентификација на жртви на трудовата експлоатација во рамките на Западен Балкан.“[66] Документот има цел да ја презентира моменталната состојба на Западен Балкан поврзана со трговијата со луѓе заради трудова експлоатација, како и да даде заклучоци и препораки. Предложените препораки се стремат да придонесат кон креирање мерки и активности што ќе доведат до намалување на степенот на ранливост на работниците, подобрена регионална соработка и намалување на ризиците од трговија со луѓе, особено на трудовата експлоатација. Документот беше соодветно проследен до сите релевантни институции од државите на Западен Балкан.

2.2 Јакнење на капацитетите на стручните и надлежните служби

- Во тековната 2023г, 71 полициски службеник (22ж/49м)[67] од **МВР**/Бирото за јавна безбедност при МВР учествуваа на 38 настани, стручни усовршувања, состаноци, конференции, работилници од областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција. Од кои 33 полициски службеници од НЕСКМТЛ (25м и 8ж) учествуваа на 15 стручни усовршувања, обуки за обучувачи, тренинзи, состаноци од областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција.
- Во рамки на Проект на ЕУ и Совет на Европа Хоризонтален инструмент 3 „Јакнење на активностите против трговија со луѓе“, преку Програмската канцеларија на **Советот на Европа во Скопје** беа организирани повеќе активности и обуки на кои знаењето беше мерено со тест пред и по обуката и изготвени заклучоци и препораки:

  - ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ активно се вклучи во јакнење на капацитетите на здравствените работници во борбата против трговијата со луѓе/деца, при што во соработка со Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ спроведоа три обуки, на 31[ви] мај во Скопје,[68] на 3[ти] октомври во Кочани и 5 [ти] октомври во Куманово на 50 здравствени работници (10м/40ж) во насока на рано откривање идентификација, заштита и упатување на претпоставени жртви на трговија со луѓе/деца од страна на здравствените работници.
  - 3-6 јули во Охрид, беше организирана обука за обучувачи[69] за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, на која учество земаа 11м и 23ж;
  - 25 септември во Скопје се одржаа две фокус групи наменети за Центрите за жртви со цел подготовка на студија, на која учество земаа 6м и 13ж;

[66] https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2023/07/Identification-of-victims-of-labour-exploitation-in-the-Western-Balkans-MK.pdf.

[67] НЕСКМТЛ, ОГРМ и Регионалните центри за гранични работи, Секторите за внатрешни работи, Секторот за меѓународна полициска соработка.

[68] Во обуките беше вклучено мерење на знаењето пред и по обуката.

[69] На обуката учествуваа претставници од ДИТ, НЕСКМТЛ, Гранична полиција, Секторот за Азил, Социјални работници и ЗГ и во истите беше вклучено мерење на знаењето пред и по обуката.

- 21 јуни и 31 октомври се одржаа две фокус групи и една тркалезна маса за трговија со луѓе и информатини-компјутерски технологии, на која учество земаа 8м и 11ж;
- 29 ноември во Скопје, во соработка со МЗМП и Адвокатската комора на РСМ се одржа средба за Конституирање на мрежата на правни застапници и Здруженија на граѓани за застапување на жртви на трговија со луѓе, на која учество земаа 5м и 12ж;
- Од 20 до 22 ноември, од страна на делегација на РСМ се одржа Студиска посета на Центрите за жртви на трговија со луѓе во Белгија, на која учество земаа 1м и 7ж од МТСП, МВР и ЦСР;
- Од 1 октомври до 31 декември се одржа Хелп Курс за трговија со деца, во соработка со Адвокатската комора, за што со сертификат за завршена обука се стекнаа 14м и 16ж адвокати;
- Од 10 октомври до 31 декември се одржа Хелп Курс за правда за децата, во соработка со Адвокатската комора, на која со што со сертификат за завршена обука се стекнаа 13м и 15ж адвокати;
- На 20 декември во Скопје се одржаа две фокус групи за трговија со деца со цел питачење, присилни бракови и трудова експлоатација со цел подготовка на истражување. Во фокус групите учество земаа 2м и 18ж.

➢ Канцеларијата на **Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ)** во рамките на проектот „ОН Ставање крај на неказнивоста на трговците со луѓе и поддршка на правдата за жртвите на трговија со луѓе во Југоисточна Европа (ЈИЕ)“ во соработка со Националната Комисија и Академијата на судии и јавни обвинители спроведе активности кои придонесуваат во зајакнување на капацитетот на националните органи за спроведување на законот:
- 31 јануари-2 февруари 2023г, во Скопје се одржа тридневната регионална мултидисциплинарна тематска работилница „ОН Ставање крај на неказнивоста на трговците со луѓе и поддршка на правда за жртвите на трговија со луѓе во ЈИЕ“ на која учесници од РСМ беа 6 лица од ОЈО, МВР, МТСП (5м/1ж).[70]
- Три онлајн мултидисциплинарни национални работилници[71] за споделување на искуства и предизвици при работа на случај на трговија со луѓе, на кој учествуваа 20 лица.(7м/13ж).
- Две тридневни Национални симулации на судење на случај на трговија со луѓе, на кои учествуваа 14м/28ж,[72] од ОЈО, МВР, МТСП и ЦСР. Целта на

[70]Практичарите од сите земји-учеснички на проектот: Албанија, Молдавија, Црна Гора, РСМ и Србија, под стручно раководство на ментори од Белгија и Франција, како и преку придонес од регионални експерти,
[71]Работилниците беа спроведени на 17 и 24 март 2023г „Постапување на надлежните органи во случај на сомнеж за потенцијална жртва на трговија со луѓе и со деца“, 22-24 јуни 2022г „ Истрага, гонење и судење за случаи на трговија со луѓе преку пристап насочен кон жртвата“ и 23-25 ноември 2022г влијанието и постигнатите резултати и ефекти од учеството,
[72]Се одржаа на 06 - 9 јуни 2023г и 17 до 20 октомври 2023г во РСМ.
Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ со свој претставник даде придонес преку свои искуства во постапување со конкретни случаи, како и споделено беше искуство за позицијата на жртвата во кривичната постапка – заштита и поддршка на жртви на трговија со луѓе.

симулациите на судење беше да се зајакне капацитетот на истражните органи и судовите во РСМ за водење на истраги кои ќе резултираат со правно обврзувачки пресуди и воедно да се придонесе кон подобрување на положбата и правата на жртвите во кривичната постапка.

- Од 3-5 октомври 2023г во Молдавија е одржана Регионална симулација на судење на случај на трговија со луѓе, со цел зајакнување на меѓународната соработка, подобрување и придонесување кон успешни истраги кои ќе резултираат со правно обврзувачки пресуди. На симулацијата учество земаа 3ж лица од ОЈО, МВР, МТСП, ЦСР.[73]

- Со поддршка на **канцеларијата на ИОМ во Скопје** во рамки на различни проекти во партнерство со Комисијата, во текот на 2023г, спроведени се следни обуки:

  - Од 4 до 7 септември 2023г, во Струга се одржа четири-дневна специјализирана обука – регионална симулација на тема „Спроведување на на паралелни истраги во случаи на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе.“ На обуката учествуваа 32 претставници од министерствата за внатрешни работи, јавните обвинителства и социјални работници од Р. Албанија, Косово и РСМ (од РСМ учествуваа 10 учесници – 4 ж и 6 м).
  - На 23 и 24 ноември во Скопје, со поддршка на ИОМ, се одржа дводневна координативна работилница помеѓу Мобилните тимови за идентификација и Оперативниот тим на кој присуствуваа 25 учесници, (18ж и 7м).

- Во рамки на регионалниот проектот ПАКТ,[74] **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“** спроведе две обуки:

  - 24-25 април 2023г, во Дојран, „Работилница за професионално унапредување и превенција од согорување на вработените во прифатилиштето“, на која учествуваа (14ж лица);
  - 29 мај 2023г, спроведена е Работилница „Постапување со силно трауматизирани деца жртви на трговија со луѓе сместени во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе“, на која учествуваа 14ж лица. На работилницата беа споделени „Упатствата за постапување со трауматизирани деца жртви на трговија со луѓе,“ кои даваат насоки за промоција на менталното здравје, обезбедување на психосоцијална грижа и постапување со деца-жртви сместени во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе како и клучни техники за водење на разговор со деца.

  Дополнително во рамки на други проекти спроведени се:

  - Обука за истражување и анализа наменета за граѓански организации во Велес. Обуката се одржа на 28 и 29 ноември 2023г, на која учествуваа 18 лица

[73]Дополнително учесниците од Албанија, Молдавија, Србија, РСМ и Црна Гора подготвуваа „Стандардни оперативни процедури за истрага на национални и меѓународни случаи на трговија со луѓе помеѓу проектните земји – Албанија, Молдавија, Србија, РСМ и Црна Гора“ и „Регионален оперативен патоказ за истрага на национални и меѓународни случаи на трговија со луѓе помеѓу проектните земји.“

[74]Тематски пакет за ментално здравје и психосоцијална поддршка во прифатилишта за жртви на трговија со луѓе.

(15ж/3м) претставници на граѓански организации членки на Платформата за превенција од трговија со луѓе.
- Во октомври 2023г се одржаа 3 средби со дел од членовите на Локалните комисии за борба против трговија со луѓе од Штип и Куманово. Целта беше нивно активирање, по формирањето во 2019 година. Од наведените средби донесен е заклучок дека општините ќе преземат активности за нивна функционалност и ќе направат ревизија на членството.

- **Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев,“** во тековната 2023г, во соработка со УНОДЦ има учествувано на два настани од областа на трговија со луѓе и илегална миграција на тема „Симулација на судење во случај на трговија со луѓе“ на кои присуствуваа 9судии и 8 јавни обвинители.

Во насока на јакнење на капацитетите на професионалците кои работат во оваа област, спроведени се обуки и зајакнати капацитети на повеќе од 448 лица од кои 287 жени и 161 мажи.

2.3 Подигање на јавната свест и едукација

❖ 30 ти Јули – Светски ден за борба против трговија со луѓе

Националната комисија се приклучи кон кампањата на УНОДЦ под мотото „Допрете до секоја жртва на трговија со луѓе, никого не оставајте зад себе.“ УНОДЦ подготви сет на материјали за социјалните медиуми со цел да ја подигне свеста за трговија со луѓе, за вознемирувачките случувања и трендови, при што ги повика владите, органите на прогонот, институциите и граѓанското општество да ги подобрат нивните напори со цел зајакнување на превенцијата, идентификување и поддршка на жртвите и ставање крај на неказнивоста на трговците со луѓе. Пораката која што УНОДЦ ја праќа преку оваа кампања е во насока на подобрување на напорите за имплементација на Протоколот за трговија со луѓе кон Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал, вклучително и преку зајакнување на националните рамки за идентификација и заштита на жртвите на трговија со луѓе, особено за време на кризи.

Во пресрет на Светскиот ден против трговијата со луѓе на 30 јули, претседавачот на ОБСЕ за 2023г, министерот за надворешни работи на РСМ Бујар Османи[75], генералниот секретар на ОБСЕ Хелга Марија Шмид и директорот на Канцеларијата на ОБСЕ[76] за демократски институции и човекови права Матео Мекачи, повикаа на обновени напори низ регионот на ОБСЕ за борба против трговијата со луѓе и спречување на експлоатацијата.

[75] https://mfa.gov.mk/mk/page/8/post/3376/osmani-povika-na-liderstvo-vo-regionot-na-obse-vo-borbata-protiv-trgovijata-so-lugje
[76] https://www.osce.org/secretariat/549268

- МАРРИ на својата веб страна и социјалните медиуми направи промоција на алатките и прирачниците за ментална и психо-социјална помош и поддршка на жртвите од трговија со луѓе.[77]
- Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ по повод Светскиот ден за борбата против трговијата со луѓе во партнерство со мрежата „Ла Страда“ повика да се обрне внимание на Здруженијата на граѓани кои работат на спречување на трговија со луѓе и ги повика владите да го поддржат граѓанскиот сектор.

  Дополнително, по повод Светскиот ден, се приклучи на кампањата Сино срце на www.unodc.org/blueheart #EndHumanTrafficking. Пораката за овој Светски ден против трговијата со луѓе, ја пративме за да ги зголемиме нашите напори за откривање, заштита и поддршка на преживеаните и да не оставиме жртва на трговија со луѓе зад себе. Заедно, да изградиме Свет, каде никој никогаш нема да може да купи, продаде или експлоатира никого.

❖ Европски ден за борба против трговија со луѓе (18ти октомври)

- По повод Европскиот ден за борба против трговијата со луѓе **18 Октомври**, Националната комисија даде поддршка на кампањата која ја отпочна Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ насловена како „**Уметност за свесност.“**[78] Централниот настан беше одржан во Скопје, а последователно настани беа одржани и во Куманово и Штип во соработка со општините и Локалните комисии за борба тротив трговија со луѓе, каде беше проектиран документарниот **филм „Излез“**. Целта на Кампањата беше да се подигне свесноста за трговијата со луѓе и да се слушнат животните искуства на преживеаните, како и да се поттикне емпатија, едукација на заедницата и преземање на колективна акција за позитивни промени и зголемена одговорност, а со тоа да се обезбедат права на жртвите. Покрај проекцијата на филмот, учесниците се вклучија во јавен разговор, проследен по панел дискусија каде публиката активно учествуваше, поставувајќи прашања и споделувајќи ги своите перспективи. Особено е важно дека во рамките на кампањата документарниот филм на 17 октомври беше официјално емитуван и на Македонската национална телевизија, засилувајќи го влијанието на кампањата врз севкупната јавност. Во насока на одбележување на Европскиот ден за борба против трговија со луѓе/деца, во соработка со Секторот за превенција во Куманово на група ученици во основни и средни училишта поделени се едукативни флаери со превентивни

[77] https://mhpss.marri-rc.org.mk/

[78] Серија на активности и настани во рамките на кампањата се спроведоа во Скопје, по што следеа настани во Куманово и Штип. Централниот настан се оддржа во Скопје **и** привлече учество на носителите на одлуки, дипломатскиот кор, претставници на државните институции, јавни личности и уметници, обезбедувајќи им платформа да ги артикулираат своите идеи, емоции и пораки за трговијата со луѓе преку различни уметнички медиуми. Во рамките на кампањата се подготвија три кратки видеа кои се споделија преку социјалните медиуми во текот на декември 2023г и веб платформата на Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ и партнерите.

насоки каде да се обратат и информираат за трговијата со луѓе, делени се приврзоци со мото “спречи трговија“ и поставени плакати на видни места по градот под мотото “спречи трговија со деца.“

- Здружението „За среќно детство“ по повод Европскиот ден за борба против трговија со луѓе организираше презентирање на филмот **„Набљудувачи“** за студенти од Филозофскиот факултет – Скопје. На проекцијата на филмот беа присутни 44 студенти (29 ж и 15 м).
- Црвениот крст на РСМ преку своите општински организации се вклучи во одбележување на Европскиот ден на борба против трговија со луѓе со организирање на 23 работилници за превенција со млади од основни и средни училишта, како и со волонтери од Клубови на млади на Црвениот крст. Превентивните лекции имаа за цел подигање на свеста на младите, препознавање на начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита, кои беа опфатени 546 млади.
- На 20 ноември на Светскиот ден на детето, од страна на Секторите за превенција реализирана е кампања за превенција од сите видови злоупотреби на деца, експлоатација на детски труд, прифаќање работа преку сомнителни огласи, работен состанок и спречување на трговија со деца, тргување со органи и други закани од овој вид кривични дела.

❖ **Недела за борба против трговија со луѓе**

По тој повод, во декември 2023г Националната координаторка заедно со Началничката на Единицата за трговија со луѓе и криумчарење мигранти одржаа предавање на студентите од Факултетот за безбедност при Универзитетот „Свети Климент Охридски.“ На студентите им беше презентирана улогата на Националната комисија, меѓународната и националната законска рамка на кривичното дело трговија со луѓе, институционалната и меѓу институционалната соработка и стратешките документи. Исто така истакнати се елементите на кривичното дело, националните трендови за трговија со луѓе и илегална миграција и начини на работа на Националната единица за сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе/деца.

Во рамки на Неделата како и во рамки на 16 дена активизам против родово-базирано насилство, во рамки на проектот „Рома Актед“ во соработка со општините, и со поддршка на Програмска канцеларија на Совет на Европа во Скопје преку Проектот на ЕУ и Совет на Европа,[79] во Скопје, Кочани и Тетово[80] одржа информативни сесии за трговија со деца и родово базирано насилство (36ж и 31м) наменето за деца претежно од ромската припадност и нивните наставници.

[79]Хоризонтален инструмент 3 „Јакнење на активностите против трговија со луѓе„
[80]На 29 ноември; 1 и 5 декември.

- Во текот на неделата за борба против трговија со луѓе, Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ спроведе:
  - Кампања на социјалните мрежи насочена кон трудовата експлоатација,[81] која имаше цел да се подигне свеста за пристојната работа и концептот на животна плата, со видеа и дизајни фокусирани на значењето на минималните и дневните плати во Централна, Источна и Југоисточна Европа.
  - 2 работилници со 48 средношколци (32ж и 16 м) во Куманово и Скопје на кој беше прикажан краток филм по што се водеше дискусија што всушност значи феноменот на трговија со луѓе, процесот на регрутирање, во кои форми може да се случи и видовите на експлоатација, фокусирајќи се на онлајн експлоатација преку социјалните медиуми.
- Во текот на неделата во месец декември Здружението „За среќно детство“ одржа две фокус групи за превенција од трговија со луѓе за студенти потенцијални корисници на програмата „Патувај и работи“ на кои учествуваа 14 студенти од различни факултети при Универзитетот Св. „Кирил и Методи„- Скопје (11м и 4ж).

❖ **Останати превентивни активности**

- МВР преку Единица за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет ги координираше Отсеците за превенција во СВР со цел спроведување на превентивни активности и сузбивање на питачењето како една од формтие за занемарување и малтретирање на деца, како и трудова експлоатација. Во таа насока во сите СВР се изработија планови за заеднички настапи со ЦСР во насока на сузбивање на појавата. Во сите СВР споделен е и Протоколот за меѓу секторска соработка за постапување со деца на улица од 2022г.
- Превентивни активности на СВР:
  - Отсекот за превенција во **Куманово** одржа 2 (две) работни средби и состаноци со Здружението на граѓани „Национален Ромски центар“ со цел информирање на вработените во здружението за правата, обврските и ризиците на лицата на кои им пружаат правна помош кои бараат азил и работа во Европските земји, а кои се подложни на прифаќање на непроверени понуди за работа, како бебиситерки, келнерки, работа на брод и сл. а со тоа може да бидат вовлечени во мрежа на трговија со деца и трудова експлоатација. Воедно од страна на Отсекот за превенција во СВР Куманово одржани се Трибини на тема: „Трговија со деца, ризици, опасности и мерки за спречување“ во кои беа вклучени ученици од Средните училишта.
  - Во СВР **Велес** реализирани се 8 едукативни работилници со опфат на ученици од 6 Средни училишта и 2 Основни училишта со цел превенирање на трговија со луѓе/деца и илегална миграција вклучително и сајбер булинг;

[81]Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ сподели 9 објави и на Инстаграм и на Фејсбук, од кои 5 видеа и 4 дизајни. Секоја објава беше споделена со следните хаштагови: #ПлатаДоволнаЗаЖивот #LivingWage #europefloorwage

- Во СВР **Штип** реализирани се 7 едукативни предавања со ученици од средните училишта;
- Во СВР **Струмица** спроведено е едно едукативно предавање со ученици од 9 одделение;
- Во СВР **Скопје**, Одделението за превенција во текот на 2023г, реализираше вкупно 32 превентивни активности на тема „Трговија со деца“ преку реализација на едукативни работилници[82] и тоа:
  - Заедно со клубовите за превенција реализирани се 24 едуактивни работилници, по планот за „Безбедност во училиштата“ со учениците од 7,8 и 9 то одделение од сите основни училишта;
  - Реализирани се и две (2) едукативни работилници во СОС Детско Село и 4 работилници во младинските куќи лоцирани во Влае, Бардовци, Радишани и Железара;
  - Во ЈУ „ Детски дом 11ти Октомври“ реализирани се две (2) едукативни работилници, во О.Е.Два елена и во О.Е. Водно;

- Во СВР **Тетово** во рамките на проектот, Превенција од трговија со луѓе/деца“ спроведени се едукативни работилници со учениците од 8мо одделение во сите основни училишта на подрачјето на СВР-Тетово. Имено во општините на станичното подрачје реализирано е предавање во 62 основни училишта со 99 паралелки (79 албански и 20 македонски) при што беа опфатени вкупно 1531 ученици (1289 албанци и 242 македонци).
- Во општините на станичното подрачје на **Гостивар** реализирано е предавање во 28 основни училишта со 64 паралелки (35 албански и 22 македонски и 7 турски) при што беа опфатени вкупно 938 ученици (622 албанци, 206 македонци и 110 турци).
- Имено, проектот се спроведе во 90 основни училишта лоцирани низ подрачјето на СВР-Тетово, во 160 паралелки и со истиот опфатени се 2469 ученици кој наставата ја следаат на македонски и албански.

➢ Во текот на 2023г Здружението **„Отворена порта/Ла Страда“ спроведе:**
- 9 работилници со цел да се зголеми свеста за негативните ефекти од питачењето, детскиот труд, принудните/детски бракови и опасностите од трговија со луѓе. Работилниците се одржаа во Скопје, Кавадарци, Битола и Тетово и опфатија 170 учесници, од кои 145 деца (50момчиња, 95девојчиња) и 25 родители(20ж и 5м).
- На 1, 2 и 3 ноември 2023г одржани се три работни состаноци за промоција и разгледување на индикаторите и алатката за „Мониторинг и евалуација на политиките за спречување на трговијата со луѓе, на кој активно учествуваа 40 лица (32ж и 8м) професионалци.[83]

---

[82]При реализација на едукативните работилници користена е ПП презентација и едукативен материјал во форма на летоци (флаери) и брошури обезбедени од страна на БЈБ. Предавањата се изведени во сите основни училишта согласно планираното во наведениот проект односно согласно предходно изготвен наменски материјал за предавање во Power point - презентација

[83] Од мобилните тимови за идентификација, социјални работници, инспектори и ЗГ, судии, Националниот известувач за трговија со луѓе, НК и НМУ.

- На 26 декември 2023г спроведена е панел дискусија на тема „Подобрување на пристапноста и квалитетот на услугите за претпоставените жртви на трговија со луѓе и експлоатација, со фокус на децата на улица“[84] на која учествуваа (21 учесник од кои 4м и 17ж), финансиски подржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Од дискусијата произлезе дека потребни се кампањи за подигање на јавната свест за овој проблем, како и дека трговијата со деца, особено за принудно питачење на деца, е повеќеслоен проблем кој бара соработка меѓу институциите и организациите со цел да се спречи и сузбие експлоатација на деца т.е трговијата со децата.
- На 15 декември 2023г, спроведена е обука за Превенција од трговија со луѓе, со студенти од трета и четврта година од Институт за социјална работа и социјална политика. На обуката учествуваа 23 студенти (1м и 22ж), идни потенцијални практиканти на организацијата кои имаа можност преку практични вежби да се запознаат со проблемот од трговија со луѓе и рана идентификација на жртвите на трговија.
- Од 20-25 ноември 2023г, спроведена серија од 5 работилници[85] на кои учествуваше вкупно 21 лице од кои (19ж и 2м) на тема: Човекови права и работнички права за Украинците во РСМ, во соработка со Здружението Заеднички дом за мајки и деца од Украина.
- На 14ти декември 2023г, како дел од проектот „Социјалните партнери ги поддржуваат властите во помошта за лицата со специфични потреби“ во партнерство со УНХЦР, се организираше Новогодишен базар во кафе бар „Литература“, City mall. На настанот беа изложени производи изработени од барателите на азил за време на арт терапиите и креативни работилници кои континуирано се спроведуваа во текот на годината во рамки на Прифатниот центар за барателите на азил Визбегово. Дополнително, настанот обезбеди финансиски средства за директна поддршка на поединците кои бараат азил зајакнувајќи ја нивната економска стабилност.
- На 25 декември 2023г, Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ во соработка со Ротаракт клубот Скопје - Центар, организираше Хуманитарна новогодишна забава - базар на кој беа прикажани рачни изработки вешто изработени од корисниците сместени во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе. Целта зад оваа иницијатива беше не само да се обезбеди платформа за јавноста да ги купи овие карактеристични ракотворби, туку и да ја подигне свеста за актуелните прашања на социјалната неправда и трговијата со луѓе. Со учеството на овој настан присутните директно придонесоа кон поддршка на жртвите на трговија со луѓе и во битката против овие општествени предизвици.

[84]На панел дискусијата присуствуваа претставници на институции, МТСП, МВР, НМУ, мобилни тимови за идентификација на жртви, ЗГ и меѓународни организации и други.

[85]Обуките имаа за цел да ги информира украинците за правата кои произлегуваат од работен однос како право на безбедни услови на работа, редовно работно време, време за пауза и одмор, адекватно плаќање за вложениот труд, забрана за секаква форма на вознемирување на работно место и сл.

- **Здружението „За среќно детство“** обезбеди поддршка на Филозофскиот факултет и со заеднички активности реализираа повеќе обуки:
  - Основна обука за студенти од прва год. на Институтот за социјална работа и социјлна политика-Филозофски факултет Скопје на тема:„Трговија со луѓе:ризици,причини,последици,“за што обучени се 23 студенти (16ж и 7м). [86]
  - Напредна обука за студенти од Институтот за социјална работа и социјлна политика -Филозофски факултет Скопје: на тема „Обука на тимови за работа со деца на улица,“ при што обучени се 15 студенти (9ж и 6м) од различни студиски години.
  - Основна обука на студенти од Институтот за социјална работа и социјлна политика-Филозофски факултет Скопје: на тема „Пиер едукација за трговија со луѓе,“ при што се обучија 8 студенти, по двајца од секоја студиска година (4ж и 4м).
  - Обука на тема: „Психолошките аспекти на работата со ранливите мигранти во центрите, потенцијалните жртви на трговија со луѓе и форми на насилство и управување со стресот„ наменета за персоналот на граничните премини Гевгелија и Табановце. На обуката претставени беа психолошки аспекти на работа со ранливи групи, мигранти, примената на индикатори за препознавање на жртви на трговија со луѓе, интервју со жртви на трговија со луѓе, за што се обучени беа 17 учесници (14ж и 3м).[87]

- **Црвениот крст на РСМ,** преку Црвениот крст на град Скопје и 22 општински организации на Црвениот крст во земјата, спроведоа врснички едукации со млади за превенција од трговија со луѓе. Во текот на годината одржани се вкупно 61 работилница со кои се опфатени 1.477 млади од основни и средни училишта.

- На 24 и 25.10.2023г. Општинската организација на **Црвен крст Куманово** во Занаетчиски дом-Куманово организираше настани за промоција на краток филм „Трговија,“[88] чие сценарио е токму трговијата со луѓе, а целта беше да се испрати порака, како и да се подигне свеста на младите за ова тешко дело, кое директно ги крши основните човекови права. Филмот е едукативен и мотивирачки и ги искажува темите на издржливоста, семејството и нескротливиот човечки дух. Преку објективот на овој филм, се дава придонес кон подигнување на свеста на младите за трговија со луѓе.
- Во соработка со Клубот на млади на Општинска организација на **Црвен крст Пробиштип** на 21.12.2023г, во кино сала „Рудар“ се одржа хуманитарна филмска вечер на која се прикажа краткометражниот филм „Трговија“.

[86]31% од учесниците имаа непотполни познавања за појавата, особено за ризиците. По спроведената обука нивото за познавање значајно се зголеми 67% од учесниците одговорија на прашањата на кои на пред тестот немаа одговор или имаа погрешен одговор.

[87]Проектот се реализираше со поддршка на ИОМ. На предтестот резулатите за темите, особено за интервјуто со жртви, изнесуваше 31%, по обуката значајно се зголемија и изнесуваа 69%.

[88] https://www.youtube.com/watch?v=kuuwL1_BpbE „Трговија “е краток филм на група кумановци, снимен со екипа актери, волонтери на општинската организација на Црвен крст Куманово, снимен со собрани донации од волонтерите, донација од Општина Куманово и поддршка од Општинската организација Куманово а во режија на Марко Јовановски. На промоцијата на двата настани присуствуваа 200 лица.

Присутни беа 90 млади кои имаа можност да се запознаат со тоа што претставува трговијата со луѓе, како младите стануваат жртви на трговија со луѓе, за видовите и начините на функционирање на ланецот на трговија со луѓе. Собраните средства од продажбата на билетите беа искористени за изработка на новогодишни пакетчиња наменети за деца од семејства во социјален ризик.

3. ПОДДРШКА И ЗАШТИТА НА ЖРТВИ И МИГРАНТИ

3.1 Механизми за идентификација и упатување на жртви

Со цел јакнење на националните капацитети и зголемување на ефикасноста на полицијата и обвинителството во сузбивање на организираните форми на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, во изминатата година продолжи ефективно и ефикасно функционирање на (НЕСКМТЛ) која беше формирана во 2018г,[89] со цел подобра координација и соработка помеѓу МВР и Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на РСМ за сузбивање на кривични дела поврзани со трговија со луѓе и криумчарење мигранти.

Со поддршка на ИОМ[90] продолжи работа на **5те мобилни тимови (МТ) за идентификација на жртви претпоставени жртви на трговија со луѓе и ранливи категории** во Битола, Гевгелија, Куманово, Скопје и Тетово.[91] Петте мобилни тимови беа активни во спроведување на програмските активности вклучувајќи редовни состаноци, теренски посети, контакти, упатувања и помош на ранливи групи, идентификација на жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе.

Во текот на 2023г, бесплатната **СОС линија**[92] за помош од трговија со луѓе (0800 11111 и 02 2 777 070), продолжи да работи 24/7 секој ден со пет СОС оператори. Во тек на референтниот период примени се вкупно **326 јавувања**[93] за помош од трговија со луѓе/деца, при што обезбедени се општи информации за феноменот на трговија со луѓе, безбедносни совети за работа

[89]Последно ревирирање на НЕСКМТЛ е направено на 15 август 2023г, повеќе за НЕСКМТЛ во Годишниот извештај на комисијата за 2018г.

[90]Во рамки на проектот "Поддршка на капацитетите за превенција и заштита на РСМ" поддржан од Банката за развој на Совет на Европа - СЕВ.

[91]Работата на МТ е утврдена во Меморандум за соработка склучен меѓу МТСП и МВР во јануари 2018г. Во нив продолжуваат да членуваат претставници од МВР, МТСП и здруженијата на граѓани (Здружението „Отворена порта/Ла Страда" учествува со свој претставник во мобилниот тим во Скопје додека МЗМП има претставници во Тетово, Куманово, Битола и Гевгелија и обезбедува правна помош и информирање на ЖТЛ, ПЖТЛ како и ранливите категории лица) кои работат на полето на БПТЛ и придонесуваат кон продлабочување на соработката помеѓу институциите со цел идентификација на ранливите категории лица, меѓу кои и жртви на трговија со луѓе.

[92]Здружението „Отворена порта/Ла Страда" од 2002г ја води првата национална СОС линија во РСМ која е специјализирана за проблемот со трговија со луѓе односно за превентивна поддршка и асистенција и поддршка на луѓе кои преживеале трговија со луѓе.

[93]Од вкупно 326 јавувања 221 повици се од женски лица и 105 од машки лица.

во странство, кризна интервенција, емоционална и психолошка помош, правно советување (за претпоставените жртви и нивните родители, роднини итн). Во текот на годината од страна на СОС линијата за информирање во врска со случаи на жртви на трговија со луѓе упатени се 4 случаи до Центарот за социјална работа, НЕСКМТЛ и Мобилните тимови.

3.2 Идентификација, упатување и директна помош на жртви

Во текот на 2023г од страна на Оперативниот Тим задолжен за формална идентификација на жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе, **идентификуваше 7 жртви на трговија со луѓе**, 5 од женски пол и две момчиња. Најголем број од идентификуваните лица се деца (6), на возраст од 9-17 години и едно возрасно женско лице на 51 годишна возраст (кое според вешто лице е лице со попреченост во развојот и на возраст од 8 години), сите државјани на РСМ. Во однос на националноста, најголем број се од ромска (4), македонска (2) и албанска националност (1).

Од откриените и идентификувани случаи изминатата година доминантна форма е сексуалната експлоатација, при што откриени се 5 жртви на сексуална експлоатација (4 девојчиња и 1 возрасно лице со попреченост) и 2 момчиња, од кои едното е идентификувано како питачи и другото е комбинирано питачење со трудова експлоатација. Местото на експлоатација на жртвите најчесто е централниот, западниот и јужниот дел на територија на РСМ.

Воедно, во текот на годината идентификувани се **9 претпоставени жртви,** (8ж и 1м) сите деца на возраст од 8 до 16 години, при што на една странска претпоставена жртва и е издадена дозвола за привремен престој, согласно СОП и Законот за странци.

Со сите жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе/деца од страна на сите надлежни институции се постапува согласно СОП за постапување со жртви на трговија со луѓе.

Центарот за лица жртви на трговија со луѓе (Центарот)[94] во текот на 2023г, функционира со целосно исполнет капацитет и во него се згрижуваат претпоставени и идентификувани деца жртви на трговија со луѓе. Во текот на годината во **Центарот** беа сместени **11 корисници/деца,** сите од женски пол, на кои им беа обезбедени услуги на психо-социјална помош, **6 ново сместени** (3 сексуално експлоатирани, а кај 3, видот на експлоатација е принуден брак). Од претходните години (5) сите деца од женски пол. Најзастапени се (10) домашни државјанки, (1) странска државјанка, (7) се претпоставени жртви и 4 се идентификувани жртви на трговија со луѓе.

[94]Режиските трошоци за функционирањето на Центарот, се финансирани од МТСП, додека услугата се финасира од Владата на РСМ во рамки на Програмата за поддршка на граѓанскиот сектор.

Покрај обезбедените сместувачки капацитети во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе, обезбедени се и алтернативни форми на сместување на жртвите, при што во текот на годината три (3) деца се идентификувани како жртви на трговија со луѓе, кои биле сместени во мал групен дом, (1) едно дете идентификувано како жртва на трговија со луѓе е сместено во Центар за жртви на семејно насилство, (1) една полнолетна идентификувана жртва на трговија со луѓе е сместена во Центар за поддршка на лица со ментален хендикеп во Неготино.

Во рамките на Центарот, Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ редовно ја спроведува програмата за психо-социјална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе, заради нивна стабилизација, надминување на траумите, полесно и поуспешно вклучување во тековните процеси на општественото живеење. Во програмата вклучени се и претпоставени жртви и жртви на трговија со луѓе кои не се сместени во Центарот, вкупно 11 (од кои 3 од тековната година и 8 од минати години). Во соработка со Центарот за социјална работа се работи на нивна стабилизација и ресоцијализација, реинтеграција и професионални активности кои се применуваат според изготвените индивидуални планови. Дел од активностите кои се преземаат се однесуваат на зајакнување на личните потенцијали на жртвите преку советување и поддршка, обезбедување на алтернативно образование, окупациски и креативни работилници за подобрување на интелектуалните капацитети и психофизичкото здравје на штитениците. Во секојдневните активности е вклучено психосоцијално советување кое се дава преку индивидуални и групни сесии со користење на техники и интервенции од различни правци на психосоцијалната терапија. Во 2023, беа спроведени 230 психо-социјални советувања од кои 32 беа групни и 198 индивидуални со секоја штитеничка посебно од страна на стручниот тим на Здружението „Отворена порта/Ла Страда.“ Две од штитеничките сместени во Центарот во текот на 2023г. посетуваа курс за декоративна нега на нокти во Работнички универзитет Кочо Рацин. Пет (5) од штитениците кои го немаа започнато образовниот процес беа запишани во Основното училиште за возрасни „Макаренко“ и продолжија со посета во наредни одделенија, една штитеничка е запишана во прво одделение во истото училиште, една посетува редовна настава во средно образование, една штитеничка посетуваше редовен образовен процес во основно училиште, но во моментот е прекината посетата на истото поради безбедносни причини и истата ќе ја заврши учебната година преку полагање на класен испит на крај на учебната година. Една штитиеничка го заврши 9-то одделение.

Мобилните тимови во тековната година контактираа, информираа, и упатија вкупно **562 корисници** (302м и 260ж), од кои 434 се домашни државјани/ки и 128 странски државјани/ки. Од вкупниот број на контактирани лица **4 се идентификувани жртви на трговија со луѓе од страна на Оперативниот тим**, (4 домашни државјани/ки деца од женски

пол), 39 лица од ранливи категории, 17 домашни и 22 странски државјани/ки (23м и 16ж) и 519 ранливи без ризик од трговија со луѓе, 413 домашни државјани/ки и 106 странски државјани/ки (279м и 240ж).

МЗМП направи редовни теренски посети со кои беа опфатени 479 ранливи лица. При посетите е направен скрининг на ранливоста и евентуалниот ризик од трговија со луѓе, а согласно потребите на ранливите категории е дадена соодветна поддршка и правна помош.

Преку Фондот на ИОМ за директна помош на ранливи категории мигранти, асистирани со директна медицинска помош и обезбедени се преведувачи на 164 мигранти.

Во текот на 2023г, Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ ја спроведуваше програмата за социјална асистенција во рамки на Прифатниот центар за баратели на азил „Визбегово“ каде обезбеди директна помош и поддршка на вкупно 175 баратели на азил од кои 75 мажи, 45 жени и 55 деца (6 непридружувани). Дополнително, тимот на здружението обезбеди континуирана психосоцијална помош, емоционална поддршка, психолошко советување како и едукација за превенција и заштита од трговијата со луѓе.

3.3 Правна помош на жртви на трговија со луѓе и мигранти

Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ во 2023г, обезбеди правна помош **за девет (9) жртви на трговија со луѓе**, од кои **две (2) идентификувани во тековната** година, застапувани во постапката пред јавен обвинител. Во тековните седум **(7) случаи** од претходните години, беше обезбедена правна помош и застапување на судска расправа, за три (3) жртви е започната постапка за надомест на штета, а за еден (1) случај активно се комуницира со друга земја (од каде што е сторителот) за обезбедување на дополнителни докази.

Со **спогодба наплатен е надомест на штета за една (1) жртва** (постапката кон други обвинети е во тек), на едно лице е доделена надомест на штета со донесена пресуда, за две лица е покренатa постапка за извршување на надомест на штета, а за две жртви во текот на кривичната постапката не е доделена нематеријална штета, за што се упатени ова право да го остварат во граѓанска постапка.

- **МЗМП** обезбеди правно советување и застапување пред надлежни органи 12 пати во кривичната постапка на 4 идентификувани жртви на трговија со луѓе. Дополнително поднесе 3 барања за бесплатна секундарна правна помош до Министерството за правда за 3 жртви. Во рамки на проектот поддржан од УНХЦР, МЗМП даде правна информација на 717 мигранти.
- **УНХЦР** обезбедува континуирана поддршка на МВР и МТСП во делот на спроведување на СОП за постапување со непридружувани деца-странци и

СОП за постапување со ранливи категории лица-странци преку обезбедување на пристап до правна помош.

4. ИСТРАГА И КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

4.1 Предистражна постапка

4.1.1 Трговија со луѓе/дете

- **Министерство за внатрешни работи**[95]

Во 2023г, забележано е зголемување на број на спроведени истраги како и позитивен резултат во откривањето на случаите на кривичните дела трговија со луѓе и трговија со дете.

По идентификуваните случаи од страна на МВР/НЕСКМТЛ, спроведени се 11 истраги против 50 сторители, (41м и 9ж), при што поднесени се **5 кривични пријави** по член 418-г, против 37 лица (31м и 6ж). Помеѓу сторителите идентификувани се двајца странски државјани (1м и 1ж државјани на Р.Србија). Од вкупниот број на сторители 23 лица се корисници на сексуални услуги.

Дополнително, во една (1) од истрагите, две лица се пријавени за кривични дела „Производство и дистрибуција на детска порнографија“ (член 193 став 3) и „Полова злоупотреба на немоќно лице“ (член 187 став 2 в.в став 1) од КЗ на РСМ. Според видот на експлоатација, во една (1) од кривичните пријави жртвата е принудена на склучување присилен брак, додека во останатите три (3) случаи жртвите се принудувани на сексуална експлоатација

Во рамките на МВР-Секторот за известување и координација на состојби функционира апликацијата „Red Button“–„Црвено копче“ која им овозможува на граѓаните електронски да пријават сознание за одредено кривично дело, или информација која се однесува на злоупотреба на деца, трговија со луѓе и криминал од омраза. Во текот на 2023г, преку апликацијата „Црвено копче“ примени се две пријави за трговија со луѓе.

- **Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција** (ОЈО за ГОКК)

Во 2023г. врз основа на поднесени известувања од страна на МВР до ОЈО за ГОКК се доставени и оформени вкупно **осум (8) предмети** кои се во **предистражна постапка** од кои **седум (7) предмети** за кривично дело

[95]Податоци добиени од Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

Трговија со дете 418-г и **еден (1) предмет** за кривично дело Трговија со луѓе по член 418-а од КЗ на РСМ.

Во овие осум (8) предмети во еден (1) е донесена јавно обвинителска одлука – резолуција, и истиот е доставен на надлежно постапување во ОЈО Битола, во два (2) предмета е донесена јавно обвинителска одлука-резолуција со која е утврдено дека нема елементи на кривично дело Трговија со дете 418-г и кривично дело Трговија со луѓе по чл. 418-а од КЗ на РСМ, додека по останатите пет (5) предмети се води предистражна постапка.

Во областа трговија со луѓе во 2023г во ОЈО за ГОКК се оформени 5 предмети против 37 лица од кои:

- Во еден предмет е донесена наредба за истрага против едно (1) лице за кривично дело „Трговија со дете„ од чл. 418-г од КЗ на РСМ која сеуште **не е завршена**.
- Во друг предмет, по спроведена истражна постапка против четири (4) лица за кривично дело „Трговија со дете“ по чл. 418-г, предметот е **отстапен** на надлежно постапување на ОЈО Скопје.
- Во трет предмет, за едно (1) едно лице за кривично дело „Трговија со дете“ по чл. 418-г став 3 вв чл.45 од КЗ поради недостапност на органите, донесена е **Наредба за прекин на истрагата.**

Во три предмети, по спроведена истражна постапка се поднесени **3 обвинителни акти против 27 лица** (3ж и 24м, сите државјани на РСМ) за следните кривични дела: „Трговија со дете“ од чл. 418-г од КЗ на РСМ, „Полова злоупотреба на немоќно лице“ по чл.187 од КЗ на РСМ и кривично дело „Производство и дистрибуција на детска порнографија“ од чл.193 од КЗ на РСМ.

- Во еден предмет, е поднесен и еден обвинителен предлог против едно (1) лице за кривично дело „Производство и дистрибуција на детска порнографија“ по член 193 став 3 од КЗ на РСМ,
- Во втор предмет за едно лице (1) за кривично дело „Трговија со дете“од чл. 418-г е донесена е Наредба за запирање на истражна постапка и за едно лице (1) за кривично дело “Трговија со дете“ од чл.193 став 3 е донесено Решение за отфрлање на кривична пријава.

Напоменуваме дека во сите предмети од член 418-г „Трговија со дете“ ОЈО за ГОКК постапувало согласно одредбите од ЗКП и ЗПД со кои се предвидени посебни мерки за процесна заштита при постапување со деца/сведоци жртви на трговија со луѓе.

<table>
<tr><td colspan="5">2023 година
ИДЕНТИФИКУВАНИ 7 ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ</td></tr>
<tr><td colspan="3">Деца
6</td><td colspan="2">Возрасни
1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Домашни
6</td><td>Странски
/</td><td>Домашни
1</td><td>Странски
/</td></tr>
<tr><td colspan="3">Вид на експлоатација</td><td colspan="2">Вид на експлоатација</td></tr>
<tr><td>Сексуална експлоатација
4</td><td>Питачење
1</td><td>Трудова и питачење
1</td><td colspan="2">Сексуална експлоатација
1</td></tr>
<tr><td colspan="5">Претпоставени жртви на трговија со луѓе се 9 деца, од кои едно е од машки пол и 8 се девојчиња, од кои едно женско дете е државјанка на Р.Србија со издадена дозвола за привремен престој.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Во текот на 2023г спроведени се 11 истраги вв со член 418-а и 418-г и поднесени се 5 кривични пријави против 37 сторители (31 од машки пол и 6 од женски пол).</td></tr>
</table>

Табела 1 : Табеларен приказ на идентификувани жртви на трговија со луѓе

4.1.2 Акциски контроли во угостителски објекти

Во текот на 2023г, од страна на МВР, спроведени се 38 акциски контроли во угостителски објекти со цел откривање на странски државјанки кои нелегално работат и престојуваат во нашата држава. Според местото, 26 контроли се спроведени на подрачјето на Тетово, а 12 во Гостивар. Во објектите затекнати се вкупно 185 странски државјанки од кои за 29 странски државјанки (11 од Албанија, девет од Украина, по четири од Косово и од Србија и една од Словачка) констатирано е дека истите сториле прекршоци согласно Законот за странци (непријавен престој и нелегална работа), и на истите од страна на надлежните судови во Тетово и Гостивар им се изречени глоби и мерки „протерување на странец од територијата на РСМ“ со забрана за влез во траење од шест месеци до една година, додека останатите странски државјанки биле со регулиран престој и дозволи за работа.

4.1.3 Криумчарење мигранти

- **Министерство за внатрешни работи**[96]

Што се однесува до кривичното дело „**криумчарење на мигранти**“ по член 418-б од КЗ на РСМ, регистрирани се **96 кривични дела** (од нив девет за „соизвршителство“ и четири за „помагање “).

Мерки на кривичен прогон се преземени против **119 лица (24 се странски државјани)**, сите од машки пол и полнолетни. Во тековната година пријавени се и 29 лица за „организирање на група и поттикнување на извршување на дела трговија со луѓе, трговија со дете и криумчарење на мигранти“ и „криумчарење на мигранти.“

НЕСКМТЛ во текот на 2023г спроведе 6 истраги вв со член 418-б и 418-в од кои сузбиена е една организирана Меѓународна криминална група. Поднесени се 5 кривични пријави против 27 лица (помеѓу кои едно лице од Ирак со документ за патување од Германија). Сите останати се државјани на РСМ.

❖ <u>Состојби со илегалната миграција</u>

Миграциските текови и нелегалните движења по Западно-балканска рута која подолг период е под директен притисок на движењето на мигрантите од Блискиот и Средниот Исток, претставуваат континуиран безбедносен предизвик на регионот кој не опкружува, вклучително и на нашата држава.

Северна Македонија е дел од рутата која мигрантите ја користат за да стигнат до ЕУ. Засилените контроли изминатата година резултираа со спречување на **речиси 14 илјади обиди за илегално транзитирање** низ нашата држава, а активностите и потребата за справување со истата остануваат да бидат врвен предизвик и приоритет во работењето на полицијата и покрај тоа што **истите се со намален тренд за 49%** во споредба со 2023г.

На граница со:	2023 година	2022 година	+/-
Р ГРЦИЈА	12.477	24.968	-50%
Р АЛБАНИЈА	54	111	-51,3%
Р СРБИЈА	1.405	2.270	-38,1%
Р КОСОВО	17	41	-58,5%
Р БУГАРИЈА	1	4	-75%
ВКУПНО	13.954	27.391	-49%

Табела 2:Компаративен приказ на спречени обиди за илегални преминувања 2023/2022г

[96] Податоци добиени од Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

Границата со Грција е влезно место во државата со **спречени над 12 илјади обиди** за влез, додека границата со Србија се користи и понатаму за излез. На овој дел спречени се над 1.400 обиди за влез, додека мал дел од обидите се спречени на границите со Албанија, Косово и Бугарија кои во најголем дел се користат од локалното население. Според земјата на потекло најбројни се обидите на лица по потекло од: Сирија – 5.500; Мароко – 2.865; Авганистан – 1.022 и од Пакистан – 740 обиди. Изминатите три месеци, забележано е зголемено раздвижување на мигранти од Непал, Палестина, Сиера Леоне.

Модусот кој го користат мигрантите кои доаѓаат од земјите од регионот на Источна и Јужна Азија останува исти, без значителни промени. До Турција пристигнуваат со користење на јавен превоз или приватни возила (автомобили или мини комбиња), во што се поддржани од страна на криминалните мрежи за криумчарење кои од Истанбул им организираат превоз до копнената граница со Грција, од каде се упатуваат кон Солун каде со товарни возови или автобуси и заминуваат во близина на границата со РСМ. По преминувањето на наша територија, мигрантите се сместуваат во импровизирани кампови близу границата со Грција или во близина на патиштата каде што ги преземаат криумчарите, од каде го продолжуваат нивниот пат во други земји од Западен Балкан (најчесто во Србија или Хрватска).

❖ **Криумчарење мигранти**

Илегалната миграција и активностите на криминалните групи се многу динамични и широко распространети. Криумчарењето на мигрантите се врши на територија на повеќе земји, при што Западно Балканската рута во голема мера се користи од страна на мигрантите за да стигнат до Западна Европа. Криумчарите ја користат флексибилноста на Балканската рута и креираат нови модуси за криумчарење со употреба на софистицирани технолошки средства.

Во тековната година во рамки на **откриените 111 случаи** беше **спречено криумчарење на 1.334 мигранти**, во најголем дел се работи за мигранти по потекло од Сирија-915, од Пакистан-89, Конго-81 и од Непал-73,

Сузбиена е и **24 члена организирана криминална група** - дел од меѓународен канал преку кој подолг временски период се организирало криумчарење мигранти од Грција кон Унгарија и од Бугарија кон Србија.

❖ **Модус на делување**

Криминалните групи кои вршат криумчарење мигранти делуваат на одредено географско подрачје на државата, најчесто во гевгелиско-валандовскиот, струмичкиот и кумановско-липковскиот регион. Групите инволвирани во оваа криминална област честопати се поликриминални (инволвирани во криминални активности поврзани со недозволена трговија

со дрога, криумчарење акцизна роба, фалсификување документи). Освен македонски државјани како организатори се јавуваат и странски државјани, кои се на повисока скала во хиерархијата, со потекло од Блискиот Исток, кои престојуваат на територијата на Р. Грција и Р. Србија, или имаат улога на водичи, односно т.н. „качаци".

Лицата инволвирани во криумчарење мигранти кои се дел од организираните криминални групи соработуваат помеѓу себе при вршење на криминални активности. При превезувањето на мигрантите, криминалните групи користат патнички и товарни возила, од кои дел со странски регистарски ознаки, а дел имаат натпис со рекламен материјал на фирми. Исто така користат товарни возила за превезување на лицата, во кои што имаат направено импровизирани бункери.

Дигитални мобилни апликации се користат за on-line комуникација помеѓу мигрантите и криминалните мрежи, при што мигрантите ги бришат информациите за контакт и деталите од нивните мобилни уреди со цел не откривање на нивната поврзаност со криминалните мрежи, најчесто поради страв од криминалните структури или поради користење на мрежата за своите пријатели или роднини за нивни идни патувања.

❖ **Рути на движење**

Активни рути на криумчарење на мигранти во јужниот дел од државата се патниот правец Гевгелија-Демир Капија, регионалниот пат Демир Капија-Неготино, стариот пат Демир Капија-Градско), патниот правец Валандово-Струмица-Радовиш-Куманово. Места каде се оставаат мигрантите во северниот дел од државата се најчесто паркинг простори на бензинските станици долж автопатот Куманово-Граничен премин Табановце, селата Речица, Табановце, Костурник, Нато клучка и тн.

❖ **Број на лица сместени во Прифатниот центар за странци**

Во Прифатниот центар за странци во Скопје, во тековната година, биле сместени 558 лица, од нив 514 од машки, а 44 од женски пол. Според земјата на потекло, најголем дел од лицата се од Сирија-309, Конго-50, Пакистан-36, по 24 од Непал и од Турција, 21 од Авганистан, 16 од Ирак, 13 од Косово, 12 од Индија и во помал број од други земји. Во однос на возраста, најбројни се лицата на возраст од 18 до 35 години-342, потоа 97 се лица на возраст од 36 до 59 години, 46 на возраст од 14 до 17 години, две на возраст над 60 години и 71 лице на возраст од 0 до 13 години.

- **Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК)**

Во 2023г, ОЈО за ГОКК за кривичното дело „Криумчарење на мигранти„ по чл. **418-б** став 2 и 4 од КЗ има поднесено вкупно **91 обвинителни акти против вкупно 122** лица.

Додека за кривичното дело „Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти“ по чл.418-в, од КЗ има поднесено **1 обвинителен акт против 24 лица**.

Во текот на 2023г донесени се **пресуди за 114 лица во 82 предмети** за кривичното дело Криумчарење на мигранти по чл. 418-б ст.2 и ст.4 и „Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти“ по член 418-в од КЗ.

4.2 Кривична постапка

За кривичните дела поврзани со трговија со луѓе и илегална миграција во текот на 2023г, Основен Суд Скопје 1- Скопје прими вкупно **101 предмет,** во кои се обвинети **168 лица**.

Во 2023г, правосилни се 95 предмети во кои **казна затвор е изречена на 97 лица**, додека условна пресуда е изречена на 38 лица. Времетраењето на **правосилните казни** затвор се движат од 1 до 15 години затвор.[97]

Во еден предмет осуден е полициски службеник по член 418-б со казна затвор од 4 години.

Шест лица кои се јавуваат како оштетени, побарале обештетување, за кои на две лица им е досудено оштетно побарување, а четири лица се упатени на граѓански спор.

Нема пресуди кои резултираат со затварање на бизнис или организација.

Во шест предмети по кои има постапувано Судот во текот на 2023г има досудено конфискација во износ од 248.555,00 евра и 31.500,00 денари.

[97]Висина на изречените казни затвор по кривично дело:
Чл.418-б: до 1година за 6лица; од 1-2години за 11 лица; од 2-3години за 8лица; од 3-4години за 18лица; од 4-5години за 11лица; од 5-6 години за 6 лица; од 6-7години за 3лица; 8години за 1лице; 10години за 1лице.
Чл.418-в: до 1 година за 2лица; од 2-3години за 2лица; од 3-4години за 4лица; од 4-5години за 4лица; од 8-9 години за 4 лица.
Чл.418-г: 2години затвор; од 3-4години за 3лица; од 5-6години за 2 лица; од 7-8години за 3лица; и **едно лице е осудено на 15 години затвор.**
Чл.418-а: 5-6 години затвор за 3 лица.

Член од КЗ	Примени			Завршени			Правосилни			Одлука по лица		Нерешени/ одложени
	предмети	Обвинети лица		предмети	Обвинети лица		предмети	Обвинети лица		Казна затвор	Условна осуда	
		м	ж		м	ж		м	ж			
чл.418-а	0	0	0	3	6	2	1	4	2	6	0	0
чл.418-б	90	110	0	85	107	0	77	97	0	65	32	23
чл.418-в	4	20	1	12	51	0	10	20	2	16	6	2
чл.418-г	7	33	4	6	7	3	7	6	4	10	0	3
Вкупно	101	163	5	106	171	5	95	127	8	97	38	28
		168			176			135				

Табела 4: Преглед на судски предмети и обвинети лица[98]

[98]Доставени податоци преку пребарување во АКМИС–системот за водење на судски предмети во Основниот кривичен суд Скопје 01.01.2023-31.12.2023г.

5. БУЏЕТ

Спроведените активности се реализирани во партнерство помеѓу Комисијата, институциите, меѓународните организации и здруженија на граѓани. Донаторите и партнерите придонесоа во имплементација на активностите за борба против трговија со луѓе и илегална миграција согласно Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и трговија со деца за 2021-2025г.

МВР	473.368,00 денари
Прифатен центар за странци	2.577.500,00 денари
МТСП за ЦЛЖТЛ [99]	2.655.072,00 денари
Здруженија на граѓани[100]	27.385.750,00 денари
Меѓународни организации[101]	1.676.645,00 ЕУР

Табела 5: Спроведени активности преку обезбедени средства од институции, меѓународни организации и здруженија на граѓани

[99]**МТСП** за функционирање на Центарот за лица жртви на трговија со луѓе има обезбедено средства во износ од **2.655.072** денари за 2023 за финансирање на услугата и склучен е Управен договор за реализација на доделување на средства за обезбедување на социјални услуги за Центар за привремен престој на жртви на трговија со луѓе помеѓу Министерството за труд и социјална политика и Здружението на граѓани против насилство и трговија со луѓе „Отворена порта/Ла Страда".

[100]**Здруженијата на граѓани**: „Отворена порта/Ла Страда" за актвности наменети за трговија со луѓе обезбеди средства од 26.568.000,00мкд. **„За среќно детство"** најголемиот број на активностите ги спроведе на волонтерска основа, со логистичка подршка на Филозофскиот факултет – Скопје, додека за изготвените документи реализираше средства од 209.763,00; **МЗМП** за спроведување на проектните активности поддржани од страна на регионалниот проект ПАКТ вкупно се потрошени 607.987,00мкд.

[101]**Меѓународни организации:** Меѓународната организација за миграции **ИОМ** Скопје во рамки на регионалните и националните проекти/активности финансирани од МНР на Данска и Европска Комисија обезбеди проектни буџети околу 150.000,00 ЕУР, За активностите кои што ги спроведе на регионално ниво **УНОДЦ** беа обезбедени 211.000,00УСД или 194.955,00 ЕУР. Со оглед на тоа што активностите се имплементираат во рамките на поголеми регионални проекти ориентационата сума на ICMPD за буџетот и имплементираните активности е 230.000,00 ЕУР. Канцеларијата на Совет на Европа во Скопје преку проектот на Хоризонталниот инструмент за Западен Балкан обезбеди 120.000,00 ЕУР, Преку Регионалниот проект ПаКТ на **ГИЗ** изнесува околу 928.240,00 ЕУР со кои се реализираат активности за претставниците на сите 6 земји на Западен Балкан, вклучително и од РСМ, дополнително на овие средства, проектот на ГИЗ издвои околу 23.250,00 ЕУР кои се однесуваат исклучиво на активности поврзани во РСМ, односно се вон тематските пакети на проектот; **МАРРИ** во рамки на своите регионални активности потроши вкупно 30.200,00 ЕУР односно 1.844.476,00 денари.

6. ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2024г.

- Обезбедување нов објект/простории за функционирање на центар за лица жртви на трговијата со луѓе според меѓународните стандарди;
- Поддршка за континуирана работа на 5те мобилни тимови за идентификација, упатување и асистенција на жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе и формирање на дополнителни 3 мобилни тима;
- Усвојување на Стандардните оперативни процедури (СОП) за постапување со непридружувани деца и други ранливи категории на лица странци;
- Развој на online модул за обука за постапување со непридружувани деца и други ранливи категории на лица странци која обука ќе се спроведува преку е-платформата за обучување на Институтот за социјални дејности;
- Изработка на џепна верзија на изменетите СОП за постапување со непридружувани деца и други ранливи категории на лица странци, за што ќе се изработи и подготовка за печатење и ќе се сподели со полициските службеници и социјалните работници;
- Изработка на Анализа за трговија со деца со цел питачење, трудова експлоатација и присилни бракови и Анализа за примена на бесплатна правна помош на жртви на трговија со луѓе;
- Градење на капацитети и соработка за функционалност на Оперативниот тим за координација и управување со случаи на трговија со луѓе;
- Спроведување на мултидисциплинарни обуки на сите нивоа со цел јакнење на капацитетите на професионалците со цел препознавање и подобрување на идентификација на жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе;
- Градење на капацитетите на вклучените актери во НМУ;
- Спроведување на обука за СОП за трговија со луѓе и СОП за постапување со непридружувани деца и други ранливи категории на лица странци наменети за полициските службеници и социјалните работници;
- Спроведување на обуки наменети за адвокати, судии и јавни обвинители, полициски службеници и социјални работници.